Архивски знак: 2807
Shenja arkivore:
Рок на чување: 15
Afati i ruajtjes:
09.06.2022 година
viti
Потпис
Nënshkrimi

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
**Сектор за правни работи – Одделение за прекршочна постапка**

01.10.00.УП.001.06-ОБ.05.06

Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Александар Сапроновски како претседател и членовите Наим Рамети и Дејан Атанасовски, одлучувајќи повторно во прекршочната постапка во прв степен, поведена по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-044221/19-0007 од 11.06.2019 година на Сектор за контрола и истраги, против сторителот на царински прекршок Петре Соларов од с.Градошорци, Струмица, за сторен прекршок од член 263 став 3 вв. став 1 точка 5 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинската управа и член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоците, на ден 31.03.2022 година, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

Петре Соларов од с.Градошорци, Струмица, роден на 07.01.1977 година во Струмица, со адреса на живеење ул./ бр.107 с.Градошорци, Струмица, со ЕМБГ 0701977460032 со патна исправа С0403862 издадена на 09.05.2018 година од МВР-Струмица, државјанин на Република Северна Македонија.

## СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263 став 3 вв. став 1 точка 5 од Царинскиот закон

Затоа што:
На ден 08.06.2019 година, околу 9:00 часот, на Ц.И Табановце за влез во Република Северна Македонија се пријавило патничко моторно возило-комбе, марка Mercedes Benz со регистарски ознаки SR2842AD управувано од пријавениот Петре Соларов. На прашање на царински инспектори дали има нешто да пријави за царинска контрола, горенаведеното лице изјавило дека нема ништо за пријавување. При вршење на детална контрола на возилото, под задното седиште спаковани во 2 картонски кутии, биле пронајдени 48 парчиња парфеми CASMIR chopard од по 30 милилитри, со вкупна вредност на стока во износ од 62.208,00 денари, и избегнати царински и други увозни давачки во износ од знос од 15.968,00 денари.

Со горе опишаното дејствие пријавениот Петре Соларов од с.Градошорци, Струмица, постапил спротивно на член 50 од Царинскиот закон и сторил прекршок од член 263 став 3 вв став 1 точка 5 од Царинскиот Закон, поради кое од страна на Комисијата

МУ СЕ ИЗРЕКУВА

1. Глоба во износ од 150 (стоипедесет) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, односно 9.225,00 денари, како и трошоци на постапката во износ од 250,00 денари, кои сторителот е должен да ги плати во рок од 8 (осум) дена од правосилноста на решението, и тоа:

- глобата да ја плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: глоба по решение Прк.бр.0464/19, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-051-03, приходна шифра 72211900, а
- трошоците да ги плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: трошоци по решение Прк.бр.0464/19, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-06137, приходна шифра 72413200,

и доказите за така извршена уплата (обрасците ПП50) да ги достави во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на РМ, ул.Колекторска б.б., Скопје, а во спротивно ќе се спроведе постапка за нивна присилна наплата преку надлежната Управа за јавни приходи, согласно член 129 став 2 од Законот за прекршоците и одредбите од Законот за даночна постапка.

2. Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон, Комисијата за одлучување по прекршок на сторителот на царински прекршок Петре Соларов од с.Градошорци му изрече и задолжително предвидената посебна прекршочна мерка, одземање на стоката предмет на сторениот прекршок и тоа: 48 парчиња парфеми CASMIR chopard од по 30 мililитри.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.389/2021 од 16.04.2021 година, пресудата на Управниот суд УПРЦ.147/2021 од 21.10.2021 година се преиначува, тужбата на тужителот Петре Соларов од с.Градошорци се уважува, решението на Комисијата за одлучување по прекршок Прк.0464/19 од 19.09.2019 година се поништува, и го враќа на повторно одлучување со насока при повторно постапување и одлучување, првостепениот орган да ги има во предвид измените на Законот за прекршоци („Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19), кој е поблаг за сторителот и кој треба да се примени во конкретниот случај.

Комисијата утврди дека согласно член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и донесување на одлука, па ја спроведе доказната постапка и изврши увид во: барање за поведување на прекршочна

постапка постапка постапка број 28-044221/19-0007 од 11.06.2019 година на Сектор за контрола и истраги, записник за преглед и претрес на ПМВ/ТМВ 28-044221/19-0001 од 08.06.2019 година, потврда за привремено одземени предмети 28-044221/19-0002 од 08.06.2019 година, записник за царински прекршок 28-044221/19-0003 од 08.06.2019 година, записник за примопредавање 28-044221/19-0004 од 10.06.2019 година, записник за комисиски прием, премер и проценка на стоки 28-044221/19-0005 од 08.06.2019 година, фотодокументација 28-044221/19-0006, поканата за писменото произнесување број 28-044221/19-0008 од 25.06.2019 година, повратница од Пошта Василево од 26.06.2019 година, писмено произнесување број 28-044221/19-0010 од 02.07.2019 година, решението на Комисијата за одлучување по прекршок Прк.0464/19 од 19.09.2019 година, пресуда на Управниот суд УПРЦ.147/2021 од 16.04.2021 година, пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.389/2021 од 21.10.2021 година, по што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 08.06.2019 година, околу 9:00 часот, на Ц.И Табановце за влез во Република Северна Македонија се пријавило патничко моторно возило-комбе марка Mercedes Benz, со регистарски ознаки SR2842AD управувано од пријавениот Петре Соларов. На прашање на царински инспектори дали има нешто да пријави за царинска контрола, горенаведеното лице изјавило дека нема ништо за пријавување. При вршење на детална контрола на возилото, под задното седиште спаковани во 2 картонски кутии, биле пронајдени 48 парчиња парфеми CASMIR chopard од по 30 милилитри, со вкупна вредност на стока во износ од 62.208,00 денари, и избегнати царински и други увозни давачки во износ од 15.968,00 денари.

Со горе опишаното дејствие пријавениот Петре Соларов од с.Градошорци, Струмица, постапил спротивно на член 50 од Царинскиот закон и сторил прекршок од член 263 став 3 вв став 1 точка 5 од Царинскиот Закон.

Согласно член 2 став 1 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ" бр.69/19), за прекршокот и прекршочната одговорност соодветно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик.

Согласно член 3 став 1 од Кривичниот законик, врз сторителот на кривичното дело (прекршокот) се применува законот кој важел во времето на извршување на кривичното дело (прекршокот), а согласно став 2 од истиот член, ако по извршувањето на кривичното дело (прекршокот) е изменет законот еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот.

Според член 50 од Царинскиот закон, стоката која пристигнува до царинскиот орган на граничниот премин или на друго место кое што царинскиот орган го определил или одобрил, се става на увид на царинскиот орган од страна на лицето кое ја внело во царинското подрачје или ако е потребно, од страна на лицето кое што ја презело

одговорноста за превоз на стоката по нејзиното внесување, во спротивно сторува царинскиот прекршок од член 263 став 3 в.в со став 1 точка 5 од Царинскиот закон.

Согласно член 263 став 3 од Царинскиот закон, („Службен весник на РМ" бр.39/05 .... 144/18, кој важел на денот кога е сторен предметниот прекршок) глоба во износ од 500 до 2.250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од став 1 на овој член на физичко лице, доколку стоката не ја стави на увид на царинскиот орган на пропишаниот начин член 50.

При ваква правна и фактичка состојба на работите Комисијата повторно утврди дека во дејствието на сторителот целосно е содржано обележјето на прекршокот од член 263 став 3 в.в со став 1 точка 5 на Царинскиот закон и дека на истиот треба да му се изрече прекршочна санкција односно глоба и прекршочна мерка одземање на предметните стоки согласно со законот.

При повторното одлучување, Комисијата ги имаше предвид насоките на Вишиот управен суд дадени во пресудата УПРЖ.бр.389/2021 од 21.10.2021 година, а особено износот од 15.968,00 денари избегнатите увозни давачки за предметните стоки, како и цитираните одредби од член 3 став 2 на Кривичниот законик, па во оваа насока утврди дека во конкретниот случај при одмерувањето на глобата на сторителот правилно е да бидат применети одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), но исто така и одредбите на Царинскиот закон („Службен весник на РСМ" бр.110/21) кој е поблаг за сторителот, односно глобата да му се одмери според член 263 став 4 во врска со став 1 точка 5 од Царински закон, според кој кога износот на избегнати увозни давачки, други давачки и даноци е од 250 до 1.000 евра му се изрекува глоба во износ од 150 до 250 евра, поради кое Комисијата на сторителот му изрече глоба во рамки на пропишаната со одредбите на цитираниот член 263 став 4 во врска со став 1 точка 5 од Царинскиот закон („Службен весник на РСМ" бр.110/21), односно му изрече глоба во износ од 150 евра, која во вкупниот износ одговара на износот на избегнатите увозни царински давачки од 15.968,00 денари пресметани за стоките предмет на прекршокот, па со вака изречената глоба Комисијата смета дека ќе се исполни целта на законот и изрекувањето на прекршочната санкција.

Воедно, Комисијата на сторителот повторно му изрече и прекршочната мерка одземање на стоката предмет на прекршокот, а согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон.

Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата повторно го задолжи сторителот и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.

Упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението. Бидејќи тужбата го одлага извршувањето на глобата, примерок од истата да биде доставен до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска Управа на Република Северна Македонија, во спротивно глобата ќе се наплати согласно одредбите од Законот за даночна постапка

Претседател на комисија,
Александар Сапроновски

Бр. 28-044221/19-00
Скопје, 31.03.2022 година
Прк.бр.0464/19

Доставено во оригинал до:

- сторителот
- архива
- предмет

Доставено преку ЕДМС до:
-подносител

Изработил: Наим Рамети